РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-999/6
24.03.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 19.03.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Ивона Муфишева, Емилија Јаневска, Магдалена Д.Довлева, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 12-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втор кат.

Г-дин Петрушевски објасни дека ќе изврши корекција на предложениот Дневен ред, односно, Точката под Разно – Предлог-одлука за доделување на финансиска помош – донација за настраданите граѓани во пожарот во Кочани ќе биде преместена како Точка 3. Двете следни точки ќе бидат поместени за еден број погоре.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран :

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.03.2025 година.
2. Предлог-одлука за доделување на финансиска помош – донација на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово и Предлог – договор за донација.
3. Предлог-одлука за доделување на финансиска помош – донација за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Миење на возила.
5. Разно.

Точка 1

Советот на Агенцијата поради технички причини го одложи Предлог-записникот од 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.03.2025 година и најави дека ќе се разгледува на продолжението на 12-та седница.

**Точки 2 и 3**

Г-дин Трајчевски даде образложение за двете предложени донации. Објасни дека првата донација во износ од 500.000,00 денари е наменета за санирање на последиците од пожарот кој на 08.03.2025 година зафати дел од просториите на радиодифузерот, додека втората донација е во износ од 1.500.000,00 денари, како помош за настраданите граѓани во стравичната несреќа - пожарот кој се случи на 16.03.2025 година во Кочани.

Г-дин Јанчески, имајќи го предвид обемот на трагедијата и нејзините последици, кои длабоко ја потресоа јавноста, предложи во Одлуката за донација да се вклучи кратка одредба која ќе предвиди можност за дополнителна донација доколку Агенцијата оствари поголеми финансиски средства. Тој истакна дека ова претставува најголемата трагедија во историјата на Македонија и изрази желба да се преземат сите можни чекори за да се обезбедат дополнителни средства, со цел Агенцијата да додели втора донација или дополнување на веќе определената сума.

Г-дин Трајчев истакна дека правно е возможно оваа одредба да се вметне во Одлуката, но исто така може да биде донесен и посебен Заклучок, со кој Агенцијата ќе биде задолжена, доколку обезбеди дополнителни средства, тие да бидат наменети за донација.

Г-дин Петрушевски предложи предлогот на г-дин Јанчески да биде прифатен во форма на Заклучок.

Советот немаше забелешки.

*<u>Гласање по Точка 2</u>*

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, во износ од 500.000,00 (петстотини илјади) денари, за санирање на последиците од пожарот кој на 08.03.2025 година зафати дел од просториите на радиодифузерот, со цел поддршка на активностите на радиодифузерот за непречено вршење на неговата дејност – емитување телевизиска програма и содржини од значење за регионот Д8 - Попова Шапка (Тетово, Гостивар, Врапчишта, Боговиње, Брвеница, Теарце, Јегуновце, Желино), како и обезбедување сигурност и заштита на вработените.

Финансиските средства се издвојуваат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година и се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, а истите се уплаќаат на сметката на Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово број: 290-4000001362-19, депонент на ТТК Банка Тетово, даночен број 4028995108379.

За доделената финансиска помош – донација, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Трговското радио дифузно друштво ТВ КОХА Меваип ДООЕЛ Тетово, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*Гласање по Точка 3*

- Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација во вкупен износ од 1.500.000,00 (еден милион и петстотини илјади) денари, како помош за настраданите граѓани во стравичната несреќа - пожар кој се случи во Кочани на ден 16.03.2025 година, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Северна Македонија, како примател на донацијата.

Примателот на донацијата ќе ги распредели горенаведените финансиски средства според потребите на настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

Финансиски средства се издвојуваат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година и се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, а се уплаќаат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на Република Северна Македонија – Фонд на солидарноста Комерцијална банка АД Скопје, сметка број 300000001327966, даночен број: 4030984271620, со назнака: помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

За доделената финансиска помош – донација од точка 1 од овој Заклучок, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата и Црвениот крст на Република Северна Македонија, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлука за доделување финансиска помош – донација за настраданите граѓани во пожарот во Кочани на ден 16.03.2025 година да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата едногласно донесе заклучок, во текот на 2025 година, да се додели дополнителна донација како помош за настраданите граѓани од стравичниот пожар што се случи во Кочани на 16.03.2025 година, само доколку Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има финансиска можност. Евентуалното доделување на дополнителна донација ќе биде реализирано по извршената проценка на финансиските можности на Агенцијата и други околности.

Точка 4

Раководителот на одделението за јавни набавки, м-р Александар Џуваревиќ, го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка на услуга: Миење на возила. Тој објасни дека се работи за набавка од мала вредност, која ќе резултира со склучување на Договор на период од две години. Набавката е наменета за потребите на Агенцијата, со цел да се обезбеди непречено користење на службените возила преку нивно чистење и хигиенско одржување.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Миење на возила.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Миење на возила, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година, односно ќе бидат дообезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026-та година.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**